Осигурително брокерско друштво
МОБИЛИТИ
БРОКЕР
Бр. 02-656
30.04 2015 год.
АД СКОПЈЕ

Врз основа на член 384, 387 и 388 од Законот за трговски друштва и одредбите од Статутот, Управниот одбор на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ, на својата седница одржана на ден 30.04.2015година, донесе Одлука за свикување на редовна седница на Годишното собрание на акционери на Друштвото и за таа цел објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

**За свикување на редовна седница на Годишното Собрание на акционерите на Друштвото**

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје ќе се одржи на ден 05.06. 2015 година , со почеток во 11,00 часот, во Битола.

За седницата се предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**

1.Отварање на седницата на Собранието на акционери
2.Утврдување на кворум за работа
3.Избор на претседавач и еден бројач на гласови
4. Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот

**Работен дел:**

**1**.Разгледување на финансиските извештаи за работењето на друштвото во 2014година; со
-Предлог-одлука за усвојување на финансиските извештаи за работењето на друштвото во 2014година;
**2**.Разгледување на Годишна сметка на Осигурително брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје за времето од 01.01.2014година до 31.12.2014година; со
-Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка;
**3**.Разгледување на Годишниот извештај за работењето на друштвото во 2014година; со
-Мислење од Надзорниот Одбор
-Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на друштвото во 2014година и Мислењето од Надзорниот одбор;
**4**.Извештај за работата на Надзорниот одбор на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2014година, колективно и од аспект на поединечните членови; со
-Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
**5.** Извештај за работата на Управниот одбор на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2014 година, колективно и од аспект на поединечните членови; со
-Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
**6.** Предлог одлука за распоредување на дивидендата за 2014 година
**7.**Разгледување на извештајот за извршената ревизија за 2014година; со
-Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
**8.**Предлог-одлука за наградување на Претседателот на Надзорниот одбор на друштвото;

**9**. Предлог-одлука за определување на месечниот надоместок за членовите на Надзорниот одбор;
**10.**Предлог-одлука за определување друштво за ревизија на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2015година;
**11.**Разно.

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кој ќе го застапува на собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар.

Акционерот е должен личното присуство да го најави пред почетокот на седницата на собранието. Овластените претставници на акционерите се должни полномошното да го достават пред почетотокот на одржување на седницата на собранието.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Материјалите под точките на дневниот ред можат да се разгледаат во просториите на друштвото.

МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР